ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број: 27 – 42/6

Дата: 26.02.2014

**ДО**
**ЈАВНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА**
**ИНСТИТУТ ЗА БЕЛОДРОБНИ ЗАБОЛУВАЊА КАЈ ДЕЦАТА – КОЗЛЕ**
**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Јавната здравствена установа Институт за белодробни заболувања кај децата – Козле (во понатамошниот текст Институтот на сметката на сопствени средства за 2012 година.

Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи на Институтот за годините кои претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

Изразено е мислење без резерва во однос на вистинито и објективно прикажување на финансиската состојба во финансиските извештаи и за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики за 2012 година.
За истакнување е системската слабост според која Институтот има ненаплатени побарувања од Министерството за здравство за извршени здравствени услуги по Програми за здравствена заштита во износ од 4.610 илјади денари. Министерството за здравство извршило распределба на средствата на јавните здравствени установи по Програми и надзор на спроведување на истите врз основа на доставени фактури и извештаи за реализација на активностите содржани во Програмата, во обем на средства одобрени од Буџетот на Република Македонија за тековната година, без претходно утврдени критериуми и постапка за распределба на финансиските средства по програми.
Од страна на одговорните лица не се добиени забелешки на Нацрт извештајот, во законски пропишаниот рок.

*Ревизорски тим* | *Овластен државен ревизор*

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи прикажани на страна 7 и 8 заедно со ревизија на усогласеност на Институтот на сметката за сопствени средства кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија, согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи на Институтот за годините кои претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на Институтот застапувана од:

- Прим. д-р Оливер Зафировски, в.д. директор од 02.02.2009 година и
- Ријад Алими, в.д. директор од 02.02.2009 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во

финансиските извештаи се во сите материјални аспекти во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на Институтот се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа: дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти во согласност со применливата рамка за финансиско известување.
Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки на добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на

ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.
При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

2.4. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 03.10.2013 до 19.12.2013 година од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година

Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи на Институтот за годините кои претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на Универзитетската клиника на ден 18. 12. 2013 година.

Од страна на одговорните лица не се добиени забелешки на Нацрт извештајот, во законски пропишаниот рок.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, финансиските извештаи ги претставуваат вистинито и објективно во сите материјални аспекти финансиската состојба на Јавната здравствена установа Институт за белодробни заболувања кај децата – Козле на ден 31.12.2012 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи на Јавната здравствена установа Институт за белодробни заболувања кај децата – Козле, во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Нагласување на прашања на неизвесност

Како еден од условите за вршење на здравствената дејност, предвидено со Законот за здравствена заштита, е јавната здравствена установа да вработува лица согласно актот за систематизација на работните места. Институтот со испразнување на работните места предвидени со Правилникот за систематизација, доставил барања до Министерството за финансии за обезбедување согласност за вработување на лица во редовен работен однос, но не е обезбедена согласност. Во текот на 2012 година Институтот за извршување на работни задачи за одвивање на здравствената дејност, склучил договори за дело со лица чии што број месечно изнесува од 28 - 45 лица за што е извршена исплата во вкупен износ од 4.100 илјади денари. Ваквиот начин на ангажирање на лица по договор на дело предизвикува неможност за остварување на правата од работен однос, односно правото за пензиско и инвалидско осигурување и здравствено осигурување, предвидено со член 13 од Законот за работни односи.

## 7. Системски слабости

Владата на Република Македонија согласно Законот за здравствена заштита донесува и објавува Програми за здравствена заштита со кои се утврдуваат мерки, задачи и активности, содржина, обем и рокови за нивно извршување како и финансиски средства за остварување на ниво на програма и тоа за осигурени и неосигурени лица. Министерството за здравство извршило распределба на средствата на јавните здравствени установи по Програми и надзор на спроведување на истите врз основа на доставени фактури и извештаи за реализација на активностите содржани во Програмата, во обем на одобрените средства од Буџетот на Република Македонија за тековната година.

Во отсуство на пишани критериуми и утврдена постапка за распределба на финансиските средства по програми, истите се одобруваат во вкупен износ на ниво на сите јавни здравствени установи.

Ваквата состојба оневозможува:

- транспарентна распределба на средствата на поединечните јавни здравствени установи;
- сообразување на преземените активности и одобрените средства по програми поради што наплатата на побарувањата по наведените основи од Министерство за здравство не може да се изврши во целост;
- остварување на целите по програми.

На ден 31.12.2012 година Институтот има ненаплатени побарувања од Министерството за здравство за извршени здравствени услуги по Програми за здравствена заштита во износ од 4.610 илјади денари.

**ЈЗУ Институт за белодробни заболувања Козле-Скопје**
**Сметка за сопствени средства (531)**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2012 година**

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **2012** | **2011** |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 7,802 | 11,240 |
| Трансфери и донации | 298 | 17 |
| **Вкупно приходи** | **8,100** | **11,257** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати и надоместоци | 1,098 | 976 |
| Стоки и услуги | 6,712 | 9,610 |
| Субвенции и трансфери | 101 | 85 |
| **Вкупно тековни расходи** | **7,911** | **10,671** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 78 | 288 |
| **Вкупно капитални расходи** | **78** | **288** |
| **Вкупно расходи** | **7,989** | **10,959** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **111** | **298** |

**ЈЗУ Институт за белодробни заболувања Козле-Скопје**
**Сметка за сопствени средства (531)**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | 2012 | 2011 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 111 | 298 |
| Побарувања | 4,903 | 2,363 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 22 | 0 |
| Краткорочни финансиски побарувања | 238 | 2,551 |
| Побарувања од вработените | 12 | 22 |
| Побарувања од државата и други институции | 64 | 0 |
| Активни временски разграничувања | 390 | 412 |
| **Вкупно тековни средства** | **5,740** | **5,646** |
| **Вкупна актива** | **5,740** | **5,646** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни финансиски обврски | 351 | 412 |
| Обврски спрема државата и други институции | 39 | 0 |
| Пасивни временски разграничувања | 5,350 | 5,234 |
| **Вкупно тековни обврски** | **5,740** | **5,646** |
| **Вкупна пасива** | **5,740** | **5,646** |